Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-1669/1
19. 03. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 , 192/15,27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), заменик министерот по овластува на министерот за правда донесе

**ОДЛУКА**

**За набавка на услугата за резервација на авионски билети и организација на специјални летови за екстрадиција за потребите на Министерство за правда**

1. За потребите на Министерството за правда на Република Македонија да се изврши јавна набавка на услугата за резервација на авионски билети и организација на специјални летови за екстрадиција.
Детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација во прилог на оваа тендерска документација.

2. За реализација на оваа набавка потребни се средства во вкупен износ од 4.000.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 720.000,00 денари или 4.720.000,00 денари со вклучен ДДВ. Средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерството за правда 637, програма 10-администрација, ставка 426- Други тековни расходи.

3. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со отворена постапка согласно член 64 и 66 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

4. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: најниска цена.

Digitally signed by
Oliver Ristovski
Date: 2019.03.19
13:19:46 CET

5. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки следниот состав:

- Претседател: Никола Бабановски
- Членови:
  1) Марија Николовка Беговиќ
  2) Невзат Исмани

- Заменик на претседателот: Петар Мирковиќ
- Заменици на членови:
  1) Даниела Дончевска
  2) Вљора Јусуфи

6. Согласно член 43 став 2 ќе се спровее технички дијалог преку ЕСЈН.

7.Согласно со член 54 од Законот за јавните набавки да се изврши објавување на огласот за доделување на договор за јавната набавка .

8. Се задолжува Комисијата за јавни набаваки од точката 5 да ја спроведат оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

9. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение